98

Ноември 2020

# S-WORK





# 20–ТИ НОЕМВРИ

## Меѓународен ден на сеќавање на трансродовите жртви

Секоја година на 20-ти ноември, се одбележува Меѓународниот ден на сеќавање на трансродовите жртви, како ден на сеќавање на сите жртви кои г изгубиле своите животи како резултат на трансфобија и поради неприфаќањето на родовиот идентитет и сексуалната ориентација од страна на припадниците на поширокото општество. Одбележувањето на овој ден има за цел да го сврти вниманието кон насилството со кое се соочуваат лицата од трансродовата заедница во светот.



Овој ден за прв пат се одбележал во 1999 година, во спомен на Риту Хестер, трансродова жена која била брутално убиена неколку години претходно. Нејзиниот случај останал нерешен, како и повеќето случаи на насилство врз трансродовите лица. И во последните години, оваа ситуација останува непроменета. Имено, официјалните бројки покажуваат дека во текот на 2014 година се случиле 226 убиства на трансродови лица ширум светот.

Трансродовите лица и понатаму остануваат незаштитени и маргинализирани во општеството. Тие немаат соодветна можност за пристап до јавните сервиси. Тоа значи дека отежнувачките околности во врска со најосновните документи, односно документите за лична идентификација, претставуваат пречка за понатамошни процедури во различни области – медицинска грижа и здравствена заштита, законодавство, итн. Во таа смисла, незаштитувањето на трансродовите лица води до состојби на постојано раздвојување помеѓу социолошкиот аспект на родот и биолошкиот пол, како и постојана осуда од страна на општеството заради нарушувањето на нормите и претставувањето на можноста за различен начин на живот и за отфрлање на биолошките детерминанти.

Присуството на стигма и дискриминација кон оваа заедница, ги изложува трнсродовите лица на насилство, малтретирање и социјална исклученост. Оттука, апелираме на висока институционална и јавна свест за големиот ризик од дела на омраза каде што жртви се трансродовите лица и апелираме на ефективност на јавните сервиси кога се во прашање потребите и правата на трансродовите лица.

nswp

Global Network of Sex Work Projects
Promoting Health and Human Rights

# Истражувачки документ на Глобалната мрежа на проекти за сексуални работници (ГМПСР): Економско зајакнување на сексуалните работници

## Кратко резиме

Во поголем број на земји, сексуалната работа е криминализирана и не е признаена како работа. Како резултат на тоа, сексуалните работници немаат работнички права, се соочуваат со исклучување од финансиските услуги, зголемена ранливост на насилство и експлоатација, стигма и дискриминација, како и бариери за пристап до правдата. Криминализацијата на сексуалната работа создава низа бариери за сексуалните работници кога станува збор за пристапот до нивните економски права.

На сексуалните работници им е забранет пристапот до финансиска сигурност, при што се соочуваат со повеќе ризици, вклучувајќи социјална маргинализација, насилство и нарушено здравје. Токму овие фактори ја ограничуваат можноста на сексуалните работници да си ги подобрат животот и работата и да постигнат економска безбедност.

Понатаму, сексуалните работници, како и другите работници кои се вклучени во неформални економии најчесто се соочуваат со недостаток на пристап до банкарски сметки, услуги за штедење и подигнување кредити, осигурување, пензии и други основни придобивки од вработувањето. Дополнително, со пандемијата КОВИД-19, како и секоја друга криза/пандемија, само се потенцира фактот колку се маргинализирани и незаштитени сексуалните работници и колку е несигурна нивната ситуација, имајќи ги предвид негативните последици од повеќето држави што не ги признаваат сексуалните работници како легитимни работници, а кои имаат право на безбедност и заштита при работа.

Повеќето програми за економско зајакнување на сексуалните работници се однесуваат на т.н. „рехабилитација“, отколку на поттикнување економска безбедност. Овие програми

најчесто се фокусираат на насочување на сексуалните работници кон алтернативно вработување, претпоставувајќи дека сакаат да бидат „рехабилитирани“. Кај повеќето вакви програми, од сексуалните работници се бара учесниците да прекинат со нудење сексуални услуги доколку сакаат да добијат поддршка или финасиска помош. Ваквите програми не успеваат значајно да ги вклучат сексуалните работници во нивното креирање, при тоа игнорирајќи ги нивните реални потреби и права. Во меѓувреме, успешните програми предводени од самите сексуални работници честопати се занемаруваат, или пак недоволно се финансираат и ретко се разгледуваат за нивно имплементирање или проширување.

Преку истражувањето кое ГМПСР го го спроведе помеѓу своите организации – членки во 10 држави, меѓу кои и Република Северна Македонија, со учество на 430 женски, машки и трансродови сексуални работници во фокус групи - се потврдува потребата од дополнителни и реални алтернативни извори на приход кај заедницата на сексуални работници, како што е пристапот до финансиски услуги, банкарски услуги, кредити и штедење. При тоа, сескуалните работници се борат против дискриминацијата и исклучувањето што ја поттикнува економската несигурност кај оваа маргинализирана заедница.

Влијанието на криминализацијата на сексуалната работа врз економското зајакнување на заедницата на сексуални работници е навистина големо.

> *„Во Република Северна Македонија, сексуалната работа не е регулирана со закон и не е признаена како и секоја друга работа. Сексуалните работници/-чки не ги уживаат работничките право подеднакво како и сите други. Оттука, сексуалните работници се изоставени од сите државни мерки за економска заштита, ниту пак ги користат државните мерки за социјално и економско зајакнување кај ранливите категории граѓани.“*
>
> **- СТАР-СТАР Скопје, Република Северна Македонија**

Работата во криминализирана средина има сериозни последици врз човековите права на сексуалните работници, финансиската сигурност и економското зајакнување. Ова е темелно документирано, вклучително и во самите истражувања на ГМПСР, воспоставувајќи ги врските помеѓу криминализацијата и искуствата на сексуалните работници на нивните работни места, како што е изложеноста на небезбедни работни услови и здравствените ризици, вклучително и пренесувањето ХИВ. Овие наоди се поддржани и од други организации за човекови права кои се залагаат за целосна декриминализација на сексуалната работа.



# Како да се намали насилството врз сексуалните работници?

Во голема мера, насилството во животот на сексуалните работници е создадено од условите на криминализацијата на сексуалната работа. Сексуалната работа не е инхерентно насилна, но дискриминацијата и стигмата со кои се соочуваат сексуалните работници генерира насилство и го ограничува пристапот на сексуалните работници до правда. На глобално ниво, сексуалните работници се соочуваат со 45% до 75% шанса да доживеат насилство во текот на нивните животи.

Сексуалните работници од маргинализираните групи како што се ЛГБТИ лицата, мигрантите, луѓето кои користат дрога, бездомниците се изложени на поголем ризик од насилство. Видовите насислтво со кои се соочуваат сексуалните работници, може да имаат облик на физичко, сексуално, психолошко, структурално и економско насилство.

## Како криминализацијата на сексуалната работа го зголемува насилството врз сексуалните работници?

**Сексуалните работници не можат да пријават насилство во полиција**
Најчесто дискриминацијата, стигмата, како и скапите процеси онаму каде што постојат правни услуги за сексуалните работници, ги спречува сексуалните работници да пријават насилство.

**Криминализацијата генерира стигма и дискриминација**
Кога сексуалната работа е криминализирана, на сексуалните работници им е потешко преговарањето со своите клиенти, со што се намалува нивната безбедност.

**Сексуалните работници се принудени да работат во изолација**
Со цел да ги избегнат апсењата од страна на полицијата, сексуалните работници најчесто се одлучуваат да работат сами, изолирани од другите.

**Пречки во пристапот до работничките права**
Поради тоа што сексуалните работници не ги уживаат подеднакво работничките права, не можат ниту да пријават работничка експлоатација.

**Намален пристап до здравствена заштита**
Стигмата и дискриминацијата е присутна кај давателите на здравствени услуги, како и помеѓу здравствените работници, а со тоа се нарушува пристапот на сексуалните работници до потребните здравствени услуги.

**Зголемен ризик од пренос на ХИВ**
Во земјите каде што полицијата им ги конфискува кондомите на сексуалните работници, истите се плашат да ги носат со себе, а со тоа си го загрозуваат своето здравје при контакт со своите клиенти.

## Како да се намали насилството врз сексуалните работници?

**Декриминализација на сексуалната работа**
70% од сексуалните работници и даватели на услуги во Нов Зеланд изјавиле дека со декриминализација на сексуалната работа, сексуалните работници се охрабрени да пријават насилство во полиција.

Со декриминализација на сексуалната работа се намалува ризикот од пренос на ХИВ за 33%-46% помеѓу женските сексуални работнички и нивните клиенти.
Во земји каде што сексуалната работа е декриминализирана, сексуалните работници се чувствуваат побезбедно, а при тоа намален е ризикот од насилство и сексуална злоупотреба.



# Пип-шоу: Романтичните животи на сексуалните работници и нивните партнери

Никогаш не сум бил сингл сексуален работник. Станав сексуален работник откако сум заедно со мојот сегашен сопруг - прво, имавме каминг оут како двојка, а подоцна и со нашата работа.

Моите редовни клиенти, знаат дека сум во брак - нешто за што сум отворен - и тие често се дружат со мојот партнер. Новите клиенти, сепак, ќе го забележат мојот прстен и ќе ме прашаат дали сум во брак. Кога ќе одговорам „да“, тие скоро неизбежно се надоврзуваат со прашањето: „Дали тој знае?“

Во овој момент, мојата професија е сексуален работник, и тоа не можам да го сокријам од мојот сопруг. Особено не откако излегов на насловна страна на порно списание. Работата во сексуалната индустрија е толку интегрирана во нашите животи што не знам како би изгледала нашата врска доколку не постои. Едноставно се навикнав да гледам слики на Твитер од мојот партнер како има има сексуални односи со други изведувачи, и тој се навикна да ми ги слуша вечерните разговори на Skype со клиентите. Да се биде во романтична врска како сексуални работници е релативно лесно за нас затоа што нашата врска растеше заедно со нашите кариери во сексуалната работа; тие отсекогаш биле испреплетени.

Со оглед на мојата лична историја, никогаш не сум морал да направам „каминг оут“ како сексуален работник со некој со кого се дружам. Но, признавам дека моето искуство не е норма, и ова стана уште појасно во разговор со една од моите колешки, Сонора Грејс, која неодамна започна нова врска, за време на нејзината кариера како сексуална работничка. Сонора се занимава со сексуална работа 10 години, а неодамна го сретна својот партнер на Zoom конференција за време на пандемијата со КОВИД-19. Фактот дека врската им се продлабочуваше, тоа ја натера Сонора да сака да зборува отворено за својата работа пред таа да почне да инвестира во врската.

„Откако сфатив дека сум заинтересирана за оваа личност и дека одиме некаде, сакав веднаш да му соопштам за мојата работа“, коментира таа. „Ако [мојата сексуална работа] е пречка, сакам да знам“.

Нејзиното претходно искуство со претходните партнери е негативно. Повеќето се повлекувале откако ќе дознаат што работи. Откако ќе им кажела за својата работа, тие често одговарале на еден од двата (екстремни) начини: со прекумерна возбуда гледајќи го тоа како фетиш или целосна незаинтересираност.

Таа вели дека луѓето кои се однесувале како да не им било важно, кои одговориле со „сеедно, не ме засега тоа мене“, исто така се чинело како проблем. Сонора вели дека токму ваквите личности се многу плашливи и емотивни, меѓутоа вешто го кријат фактот дека се исплашени или пак воопшто не разбираат. Додека сексуалната работа е работа како секоја друга, сепак бара да бидеш интимен со други луѓе, што за некои партнери е неприфатливо.

Новиот партнер на Сонора, не реагирал на ниту еден од овие начини. Наместо да и пријде со емоционална искреност: „Имам прашања, затоа што ова е ново за мене“, повеќето од неговите прашања се сведувале на што придонесува оваа работа за неа, што најмногу и значи во работата и сл., а не за бројот на клиентите и зошто влегува во интимни односи со други луѓе.

Како што напредувала нивната врска, тие учеле меѓусебно како да комуницираат за нејзината работа на начин на кој и на двајцата им одговара. Тие имале дискусии за границите до каде треба да одат нивните разговори, начинот на кој се движи нивниот личен сексуален живот надвор од нејзината работа. Таа признава дека да се биде во сериозна врска со некого бара одреден компромис, особено кога станува збор за интимност, а тоа може да влијае на нејзината работа на одреден начин.

Сепак, и сексуалната работа бара поставување одредени граници особено кога станува збор за безбедноста и сексуалното здравје, така што Сонора се чувствува сосема подготвена за тоа. „И кога сум сингл, поставувањето на граници е важен дел од мојата работа, а со нивно поставување кога сум во врска во однос на мојот партнер, е уште поважно, бидејќи на тој начин ги надоградувам своите комуникациски вештини и учам што навистина сакам“.

И во моментов, она што таа најмногу посакува е да биде сексуална работничка во стабилна и здрава врска.

Во издание на:

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од :

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА